РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2337/3
16-02-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од познат подносител Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 82 – та седница одржана на ден 14.02.2023 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот бр. 09-2345/1 од 30.06.2021 година, оформен врз основа на пријава против лицето ----- -------, вработено во --- -----, СЕ ЗАПИРА.

По обезбедени податоци, ДКСК утврди дека наводите во пријавата не се потврдуваат, поради што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предмет со број 09-2345/1 од 30.06.2021 година е оформен врз основа на доставена пријава о дпознат подносител со наводи за постоење на судир на интереси во врска со тоа дека лицето ----- -----, вработено во АД во државна сопственост --- -----, има семејна приватна компанија ----- --- од ----, а --- ----- има склучено повеќе тендери врз основа на спроведени јавни набавки со компанијата ---- ---.

Со цел утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, Државната комисија согласно надлежностите предвидени во член 23 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, се обрати до --- ----- со барање податоци и информации за тоа дали лицето ----- ------ вработено во --- -----, учествувало како член во комисија за јавни набавки каде предмет на набавки се: Ревитализација и модернизација на погонските станици од Чешко пориводство;Кабли и проводници и инсталациски материјал и прибор за тековно одржување; Набавка на електро делови за бандваген, каде како носител на набавката се јавува економскиот оператор ----- --- ДООЕЛ увоз-извоз -----.

Во законски предвидениот рок, --- ----- одговори дека лицето ----- -----, вработено во АД ---, подружница --- ----, никогаш не учествувало како член на комисија за јавни набавки во било која постапка за јавна набавка спроведена од страна на --- ------.

Во прилог на одговорот ја имаат доставено документацијата од објавените постапки за јавни набавки на кои предметот на набавката е и предмет на интерес на Државната комисија.

По разгледување на доставената документација, се утврди дека лицето ----- ------ во текот на целиот негов работен ангажман, не учествувал како член на комисија за јавни набавки во постапките во кои бил склучен договор по јавна набавка со еконосмки оператор- договорна страна која се поврзува со негови блиски лица.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државната комисија изврши проверка во Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ и утврди дека лицето ----- -----, не се јавува ниту како сопственик, ниту како управител на фирмата Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги ----- --- ДООЕЛ увоз-извоз -----.

Со оглед на тоа дека не постои законско ограничување за тоа семејна приватна фирма на вработен во јавен сектор да учествува во постапка за јавна набавка објавена од институцијата во која што лицето е вработено, како и со оглед на тоа што во конкретниот случај, од доставената документација се гледа дека посоченото лице не било член на комисијата за јавни набавки, ниту учествувало во било која фаза од јавната набавка, постапувањето по предметот се запира

Имајќи го во предвид погоре изнесено, ДКСК на седницата одржана на ден 14.02.2023 година одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По заклуок од седница на ДКСК,
Изработил: Е.Н., советник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: м-р В.Г, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk